VIII одделение

# Тема:СЕВЕРНА ЕВРОПА



Наставна содржина:

# ФИНСКА(СУОМИ)

**Наставници:**
**Каровска Елизабета**
**Кокиновска Емилија**



# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА

Финска се протега меѓу 60° и 70° сгш., скоро 1/4 се наоѓа северно од арктичкиот круг (66°33').

Финска е дел од регионот на Северна Европа и се наоѓа помеѓу Ботничкиот Залив на запад и Финскиот Залив на југ

Го зазема истоимениот полуостров, а нејзе и припаѓаат и околу 30 000 острови, меѓу кои најпознати се Оландските.

Финска зафаќа површина од 338.000км² и брои население од околу 5,5 милиони жители, со густина на населеност од 15ж/км².

На исток се граничи со Русија, на север со Норвешка, на запад со Шведска, а по вода со Естонија.



# РЕЛЈЕФ И БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ




- Поголемиот дел од Финска, го прекриваат леднички наноси (морени). Внатрешноста на Финска е претежно брановиден терен со ниски ридчиња на висина од 100 до 300 метри, како и многубројни глацијални езера (околу 55 000).
- Одејќи кон север, релјефот се издигнува и во Лапонија достигнува околу 700 метри н.в. Планинските предели се простираат на крајниот северозапад (крајните делови на Скандинавските Пл), каде што се издигнува највисокиот врв во Финска (Халтиатун, 1324м).



- Крајбрежниот појас е широка низина, која е расчленета со многу заливи (фјордови) и острови, особено во југозападниот дел (најголем е Оландскиот Остров, сместен на влезот во Ботничкиот Залив).







# КЛИМА

- Преовладува континентална клима, која делумно е ублажена од југозападниот океански ветер и субполарна климаво крајниот северен дел.
- Кон север, зимите се подолги и постудени, додека количеството на врне
- жи се намалува(од 700 мм на југ, до 400 во Лапонија) 30-40% од врнежите, паѓаат во вид на снег., на север тие се задржуваат до средината на мај.
- Просечната јулска температура е 16° С, а во февруари -9° С.



- Финска е една од водечките земји во Европа, по шумското богатство (76% од површината).
- Во крајбрежните рамнини на југ застапени се листопадни шуми, а кон север преминуваат во тајга. Крајните северни делови, тајгата преминува во тундра.







# ХИДРОГРАФИЈА

- Финска се нарекува уште „**Земја на езера**", бидејќи ги има повеќе од 55 000, со вкупна површина од **33 500км2**, приближно **10%** од вкупната површина. Најмногу ги има на југ и југоисток. Најголемо е езерото **Сајма, Пјеско, Инари, Оулу** и др. Езерата меѓусебно се поврзани со канали и реки, поради што се користат за пловидба.
- Реките претежно се брзи и кратки.

* Во **Ботнички Залив истекуваат реките Кеми, Торнио.**

*На југ во **Финскиот Залив се влеваат Кими и Ванта**.





# НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

- Во Финска живеат околу 5,5 милиони жители. Просечната густина е околу 15 ж/км2, со што е една од најретко населените земји во Европа. Жителите главно се Финци, 93,4%, Швеѓани околу 5,7% и околу 2000 Лапонцина крајниот север.
- Официјални јазици се фински и шведски.
- Според верската определеност, населението претежно припаѓа на протестантската евангелистичка црква (85%), а има и православни, католици и евреи.
- Главен град на Финска е Хелсинки(сместен во јужното крајбрежје), а други поголеми градови се: Тампере, Еспо, Турку, Ванта и др.
- Според државното уредување Финска е парламентарна република.
- Република Финска (СУОМИ-име кое го користат Финците)

Тампере



Хелсинки



# СТОПАНСТВО И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА

Финска има развиено стопанство и индустрија.
Располага со голем број на природни богатства, од рудните суровини најзастапени се железо, никел, цинк и бакар. Исто така Финска е богата со шуми.

Од примарните дејности земјоделството е слабо развиено (Претежно се одгледуваат фуражни, житарици, компир, репа),

Од стока најмногу се одгледува свињи, живина и овци а на север се одгледуваат ирваси.

Риболовот е застапен на море (2/3), на езера* (1/3). Околу 60% од шумите се приватизирани.

Главни индустриски гранки се: металската, машинска, дрвната(повеќе од 30 поголеми фабрики за хартија), бродоградбата(8ми најголем производител во светот), електронската ..

Финска извезува: дрвна маса, хартија, руди а увезува нафта, машини, храна, челик, текстил.
Најголеми индустриски центри се градовите: Тампере, Турку, Хелсинки, Порив, Виала.
Има слабо развиен туризам. Најпосетувани се Оландските Острови, јужниот и југозападниот брег, езерата во внатрешноста и има развиен селски туризам.

Република Финска не е членка на НАТО а членка на Европска Унија е од 1995г.
*NOKIA -е финска мултинационална комуникациска корпорација






NOKIA
TietoEnator
NOKIA

